# МАКЕДОНИЈА (НИВО 1)

Македонија е земја на транзит и дестинација за жени и деца од поранешниот СССР и Источна Европа, особено од Украина, Молдавија, Романија и Бугарија, кои се жртви на трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација. Некои од жртвите од други држави се пренесуваат преку Македонија кон нивните дестинации во Албанија, Србија и Црна Гора (заедно со Косово) и кон Западна Европа. Откриени се и случаи на внатрешна трговија со луѓе, како и случаи со жени Македонки со кои се тргува заради сексуална експлоатација регионално и во Западна Европа.

Владата на Македонија во целост ги почитува минимум стандардите за елиминирање на трговијата со луѓе. Додека од една страна владата усвои легислатива против трговијата со луѓе со која се зголемија затворските казни, институционалните слабости на судскиот систем оневозможија постигнување на поголем напредок во борбата против трговијата со луѓе. Потврда за тоа е случајот против познатиот трговец со бело робје, Дилавер Бојку, кому првично му беше изречена блага казна, а потоа во месец јуни 2003 година, тој избега од затвор, па дури потоа беше повторно фатен и повторно му се судеше. Владата треба да институционализира поефикасна заштита за судиите и за обвинителите што ги водат случаите на трговија со луѓе и да ги прошири превентивните програми на загрозените групи.

## Судско гонење

Додека некои случаи на службена несоодветност и корумпираност продолжија да ја деградираат ефикасноста на судскиот систем, неколку крупни случаи на трговија со луѓе, во период покриен со овој извештај, резултираа со изречување пресуди сообразени со тежината на тешки злостори, а сите пресуди што беа обжалени пред Врховниот суд беа поддржани. Кривичниот закон соодветно ги криминализира тешките форми на трговија со луѓе и предвидува казни во траење од четири до 15 години. За време на периодот опфатен во овој извештај, судовите изрекоа 19 пресуди со затворски казни во траење од три до 12 години. Против Дилавер Бојку се одржа повторно судење, за кого првичната казна беше несоодветна, и беа обезбедени докази дека е вршен притисок врз судиите. Корупцијата поврзана со трговијата со луѓе и натаму останува како проблем. Владата успешно осуди за корупција неколку поранешни државни функционери и полицајци, како и еден полициски инспектор за продавање информации во врска со планирана полициска рација.

## Заштита

Владата ја продолжи работата на Транзитниот прифатен центар за жртви на трговија со луѓе. Меѓународната организација за миграции (ИОМ) и една локална невладина организација им обезбедија поддршка, медицинска и други услуги на жртвите во Центарот. Во 2003 година, владата И ИОМ ја формализираа помошта на жртвите во Центарот преку договорот за Стандардни оперативни процедури, со кои се дефинира улогата на полицијата и на невладините организации и се кодифицираат правата на жртвите. Владата во Центарот им помогна на 143 странски државјани, жртви на трговија со луѓе, од кои 14 беа лица помлади од 18 години. Според новите закони што стапија на сила во извештајниот период, жртвите имаат право на статус на привремен престој. Македонија нема закон за заштита на сведоци, но владата И ИОМ обезбедија извесна заштита на жртвите кои беа подготвени да сведочат. Жртвите имаат право да бараат одштета преку граѓански парници.

## Превенција

Владата не изработи централна стратегија за превенција, туку наместо тоа им даде поддршка на активностите на невладините организации. Националната комисија за борба против трговија со луѓе не беше целосно активна, а во Националниот план за акција не беа наведени временски рокови. Владата зеде учество во дел од обуката што невладини организации ѝ ја пружаа на полицијата и институционализира програма за обука на конзуларни претставници за индентификација на жртви на трговија со луѓе. Владата изготви нови прирачници за обука на полицијата, на истражните судии и на обвинителите. Владата го продолжи своето учество во програмата што ги опфаќа младите, Ромите и другите загрозени групи, а е финансирана од страна на невладини организации.